- Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.

- Уверение за платени даноци и придонеси, издадено од Управата за јавни приходи не постаро од 60 (шеесет) дена од датумот на поднесување на барањето.
- Потврда од општина Штип за подмирени комунални такси, даноци и фирмарина за претходните две години само при поднесување на првото барање).
- Ценовник со моменталните цени на билетите што ги издава на патниците.
- Изјава за согласност за обезбедување бесплатен превоз накорисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост (за време на траење на субвенцијата).

Член 7

Барања ги разгледува Комисија за субвенционрање на општински линиски превоз на патници во општина Штип, формирана од страна на градоначалникот на општина Штип.

Секојбарател за кој Комисијата ќе утврди дека ги исполнува условите, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето, ќе има право на поднесување барање за исплата на финансиски средства.

Доколку барањето не е уредно и комплетно, во рок од 10 (десет) дена од денот на приемот на барањето Комисијатаќе го извести барателот по писмен пат да го дополни барањето во даден рок.

Доколку Комисијата утврди дека барателот не ги исполнува условите наведени во член 4 од оваа Одлука или барателот во дополнително дадениот рок не го дополни барањето, Комисијата го извести барателот дека барањето е одбиено.

Член 8

Корисникот што ќе ги исполни услови за исплата, доставува Барање за исплата на финансиски средства (во натамошниот текст: Барање за исплата) дадено во Прилог 2 на овој Правилник.

За докажување на исполнетост на условите од овој Правилник, заедно со барањето за исплата на субвенција барателот треба да достави и:

1. Фактури за направени трошоци за превоз на патниците (исплатени плати на вработените и исплатени фактури за гориво)со извадоци од сметководствена евиденција за докажување (месечни).
2. По една фискална сметка од секое поаѓање од почетна станица за секоја линија (согласно саатите предвидени за поаѓање во регистрираниот возен ред).
3. Пополнет извештај за месечни трошоци (прилог 4).
4. Изјава заверена на нотар, дадено во Прилог 3 со која корисникот потврдува дека поднесените документи и информаци во барањето се вистинити и веродостојни и дека нема примено друга финансиска поддршка за вршење на општински линиски превоз на патници од општина Штип.

5. Изјава дека ќе обезбедат бесплатен превоз на корисници кои имаат право на социјална помош, корисници на постојана парична помош и на лица со попреченост за време на траење на субвенцијата.

Документите од точка 1 и 2 се доставуваат во оригинал и копија. Копијата се доставува на секоја страница со потпис и печат од страна на Корисникот, со што ја потврдува нивната веродостојност.

За секој корисник кој ги исполнил условите во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Барањето за исплата и извештајот, Комисијата ќе предложи до Градоначалникот да донесе Решение за исплата на финасиските средства.

Доколку барањето за исплата и документацијата не се комплетни, во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на барањето Комисијатаќе го извести корисникот по писмен пат, да го дополни барањето во даден рок.

Доколку корисникот не организирал линиски превоз за патници, или пак во дадениот рок за дополна не го дополни барањето за исплата, Комисијатаќе предложи до Градоначалникот да донесе решение со кое се одбива барањето за исплата.

Доколку според планот за поѓања, согласно (важечкот возен ред на линиите изгласан од страна на Советот на Општина Штип) за општински линиски превоз делумно го организирал со помалку поаѓања, за субвенција ќе бидат земени во предвид само направените поаѓања.

Доколку Комисијата за исплата утврди дека износот на финансиската поддршка кој треба да се исплати е помал од износот во барањето, Комисијата ќе го извести корисникот и ќе предложи на Градоначалникот да донесе решение со намален износ за исплата кој соодветствува на утврдениот број на поминати километри.

Финансиската поддршка ќе биде исплатена на банкарската сметка наведена во Барањето за субвенционирање.

Финансиската поддршка нема да бидат исплатени доколку:

- Корисникот не ги почитува обврските кои произлегуваат од овааОдлука;
- Корисникот поднесува неверодостојни или лажни документи и податоци до општина Штип и
- По барање на корисникот.

Комисијата ќе може да врши увид во документација на барателот и да обезбеди дополнителни информации од надлежните институции со цел проверка и решавање на предметното барање.

Член 9

Корисникот е должен:

- По барање на Комисијата за исплата да доставува месечни извештаи за настанатите трошоци за општински линиски превоз на патници, според образецот даден во Прилог 4 од овој Правилник;
- По претходна најава од Комисијата предвидена во член 8 од ова Одлука, да безбеди непречен пристап во работни просторите на претпријатието и

увид во документацијата која е потребна, за следење на превозот (бројот на поминати километри и бројот на поаѓања)и исполнетост на условите од овој Правилник;

Член 10

Корисниците кои нема да бидат субвенционирани, нивните документи ќе бидат вратени.

Документите кои ќе бидат доставени имаат важност на чување од 5 години.

Член 11

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објава во Службен гласник на општина Штип.

Број 08 – 1759/1 Совет на Општина Штип
14 март 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

167.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАРИФЕН СИСТЕМ ВО ОПШТИНСКИ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Тарифен систем во општински линиски превоз на патници во Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1760/2 Општина Штип
17 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

168.

Врз основа на член 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 120/13, 163/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18, 163/18 и 275/19), член5 точка 5 одЗаконотзакомуналнидејности ("Службен весник на РМ", број95/12), член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и член 21 од Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 05/20), Советот на Општина Штип на седница одржана на 14 март година, донесе

## Т А Р И Ф Е Н   С И С Т Е М
## ВО ОПШТИНСКИОТ ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во општинскиот линиски превоз на патници на територијата на Општина Штип се применува зонски тарифен систем од 3 (три) тарифни зони.

Член 2

Зонскиот тарифен систем е дефиниран според оддалеченоста на населените места до Градот Штип и се состои од 3 (три) тарифни зони.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 зона | Територија на градот | | |
| 2 зона | нас. Македонка | нас. Балканска | |
| 3 зона | Три Чешми | Чардаклија | Стар Караорман |

Член 3

За користење на општинскиот линиски превоз е дефиниран зонски тарифен систем со следните максимални цени:

| | Поединечен билет за едно возење (денари) | Месечен претплатен билет (денари) |
|---|---|---|
| Тарифа 1 | 25 | 600 |
| Тарифа 2 | 30 | 700 |
| Тарифа 3 | 40 | 900 |

Цените се со пресметан ДДВ

Член 4

Цената на превозот се утврдува според зоната на поаѓање и пристигнување на патникот (Пример: Ако патникот патува од зона 2 или 3 до

било која точка на застанување во зона 1, ќе се наплатува според Тарифа 2 или 3).

Член 5

Патникот е должен да поседува поединечен возен билет за едно возење кој што го купува во возилото или да поседува претплатен билет кој што го купува од превозникот.

Претплатниот билет може да се издаде и за период помал од 1 (еден) месец, со соодветна прпорционална намалена вредност (цена) во зависност од периодот на важност.

Претплатниот билет треба да содржи фотографија и лични податоци од патникот.

Член 6

Измени на цените од член 3 на овој Тарифен систем може да утврдува и донесува Советот на Општина Штип.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“ .

Број 08 – 1760/1 СоветнаОпштинаШтип
14 март 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

169.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА
ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ НА
ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлука за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1761/2 Општина Штип
17 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р

170.

Врз основа на член 53, 54, 55 и 55-а од Закон за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на Република Македонија“ бр.68/2004, 127/2006, 114/2009, 83/2010, 140/2010, 17/2011, 53/2011, 06/2012, 23/2013, 120/2013, 163/2013, 187/2013, 42/2014, 112/2014, 166/2014, 44/2015, 97/2015, 124/2015, 129/2015, 193/2015, 37/2016, 71/2016, 64/2018, 140/2018, 163/2018 и 275/19) и член 21 точка 35 одСтатутотнаОпштинаШтип („Службен гласник на Општина Штип",бр. 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седница одржана на 14 март година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НАОДЛУКА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП

Член 1

Во Одлуката за авто-такси превоз на патници на подрачјето на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 05/2020)во членот 7ставот 3 се менува и гласи:

„ Тарифи по кои се наплатува авто-такси превозот се:

Тарифа 1 (во рамките наопштината)

1.Старт (почеток) на превозот и превоз до 2 км --------------- 70 денари

2.Изминат километар ------------------------------------------------ 25 денари

3.Еден(1) часчекање ------------------------------------------------ 300 денари

Тарифа 2 (кон друга општина или градот Скопје)

1.Старт (почеток) на превозот--------------------------------------- 70 денари

2.Изминат километар ------------------------------------------------ 30 денари

3.Еден(1) час чекање ------------------------------------------------ 300 денари “

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“ .

Број 08-1761/1 Совет на Општина Штип
14 март 2022 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

171.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ
НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА
ОПШТИНА ШТИП ЗА 2022 ГОДИНА

I

Се објавува Одлука за давање согласност на измена на Годишен план за вработување на Општина Штип за 2022 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1762/2 Општина Штип
17 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

172.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3, став 2 и 11 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19, 14/20) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 март 2022 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ИЗМЕНА НА ГОДИШЕН
ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2022 ГОДИНА

Член 1

Се дава согласност на измената на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2022 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е измената на Годишниот план за вработување на Општина Штип за 2022 година број 09-1565/1 од 07.03.2022 година.

Член 3

Средствата за реализација на измената на Годишниот план за вработување ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1762/1
14 март 2022 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

173.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДРШКА НА ПРОЕКТИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

I

Се објавува Одлука за одобрување на финансиски средства за подршка на проекти и здруженија на граѓани и фондации.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1763/2
17 март 2022 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов, с.р.

174.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 март 2022 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Член 1

Општина Штип одобрува финансиски средства за поддршка на проекти од здруженија на граѓани и фондации за проектите:

1. ``Децата – економски и туристички промотори на општината и чувари на екосистемот`` на Ловно здружение ``Ловец`` Штип во износ од 299.000,00 денари
2. ``Чувари на животната средина`` на Хуманитарно здружение ``Подај рака спаси живот`` Штип во износ од 299.955,00 денари
3. ``Спорт и рекреација за сите`` на Здружение за спорт и рекреација ``Биди фит и активен`` Штип во износ од 150.000,00 денари
4. ``Младите преку старт-уп бизнисот – креатори на локалниот економски развој” на Здружение за хуманитарни активности ``Синергија`` Штип во износ од 299.250,00 денари
5. ``Живеј чисто живеј квалитетно`` на Здружение на ромите ``Черења`` Штип во износ од 150.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа олука ќе се исплатат од буџетот на Општина Штип за 2022 година.

Член 3

Се задолжува Комисијата за разгледување на пристигнатите апликации на здруженија и фондации, по ``Јавен повик за добивање на материјална поддршка од буџетот на Општина Штип`` да поднесе извештај за одобрените средства на здруженијата по завршувањето на проектите.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 1763/1
14 март 2022 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова,с.р.

175.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ НА МУЗИКА “МАКФЕСТ” ШТИП

I

Се објавува Правилник за начинот на организирање и реализација на фестивалот на музика “Макфест” Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1764/2
17 март 2022 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

176.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РСМ) број 5/02 и член 46 , а во врска со член 15 од Статутот на општина Штип (Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 4/11, 13/14 и 05/21), Советот на Општина Штип, на седницата одржана на 14 март 2022 донесе:

ПРАВИЛНИК
ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ НА МУЗИКА “МАКФЕСТ” ШТИП

Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на организирање и реализација на Фестивалот на музика „Макфест" - Штип, организациска структура на фестивалот, како и условите за подготвување и реализација на процедурите и протоколите за одржување на Фестивалот

**1.ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 2

Организатор на Фестивалот "Макфест" – Штип е Општина Штип, претставувана од Градоначалникот на Општината како покровител на Фестивалот, која преку годишните програми за култура во рамките на надлежностите кои ги има во делот на Традиционални манифестации кои ги организира Општината, го има утврдено и неговото годишно реализирање.

**2.ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФЕСТИВАЛОТ**

Член 3

Организациската структура на Фестивалот „Макфест" – Штип, ја сочинуваат:

1. Градоначалникот на Општина Штип, како покровител на Фестивалот
2. Професионален економски оператор од областа на Евент менаџмент, ПР и Маркетинг, како извршно - оперативен технички и професионален организатор на настанот
3. Оперативен координатор, назначенен од страна на Градоначалникот, од редот на вработените во Општина Штип
4. Уметнички совет од 5 (пет) членови, со Уметнички Директор на истиот, за селекција на композиции по објавен конкурс за Фестивалот, предложен од страна на Градоначалникот на Општина Штип
5. Стручна жири комисија за доделување на 3 (три) афирмативни музички награди, составена од 7 (седум) до 10 (десет) членови, предложена од страна на Градоначалникот на Општина Штип.

Член 4

**Професионален економски оператор**

Професионалниот економски оператор се избира по пат на спроведување на постапка за јавна набавка од страна на Општина Штип, во кој се дефинирани точните и јасни критериуми за избор.

Професионалниот економски оператор треба да има најмалку 3 години искуство во дејноста од областа на Евент менаџмент, односно во ПР и Маркетинг дејноста (и референтна листа од најмалку 20 организирани музички настани во последните 3 години на национално и светско ниво). За целокупната техничка и професионална организација на Фестивалот, Професионалниот економски оператор ќе добие надоместок од предвидениот основен буџет на

Фестивалот обезбеден од страна на Општина Штип и Министерството за култура.

Член 5

Професионалниот економскиот оператор се избира за период од две години, односно за организација на два последователни Фестивали.

Со избраниот Професионален економски оператор, Општина Штип склучува договор со кој поблиску се регулираат меѓусебните права и обврски.

Општината го задржува дискреционото право на раскинување на Договорот, по писмен пат, по истекот на првата фестивалска година, а најдоцна во рок од 60 (шеесет) календарски денови по завршувањето на Фестивалот, доколку не е задоволен од начинот на реализацијата на Фестивалот во првата договорна година, или по предлог на Оперативниот координатор кој го надгледува, координира и помага работењето на Професионалниот економски оператор во име на Градоначалникот и Општината.

Во таков случај на навремено раскинување на Договорот, не следува обештетување по ниеден основ кон Професионалниот економски оператор, за втората година за која Договорот се раскинува.

Професионалниот економски оператор, има право по писмен пат да се откаже од организацијата на Фестивалот за втората фестивалска година, доколку смета дека не ја добил потребната финансиска и организациска подршка и права кои согласно договорот му следуваат од страна на Градоначалникот и Општината, а најдоцна до истекот на 60 (шеесет) календарски денови по завршувањето на Фестивалот.

Во таков случај на навремено откажување, не следува обештетување по ниеден основ кон Општината, за втората година за која Договорот се раскинува.

Евентуалното раскинување на договорот за втората фестивалска година, не ги ослободува страните од целосно исполнување на меѓусебните права и обврски кои ги создале и произлегуваат согласно Договорот за организација на првата фестивалска година.

Член 6

**Оперативен координатор**

Оперативниот координатор на Фестивалот со Решение го назначува Градоначалникот на Општина Штип од редот на вработените во Општина Штип;

Оперативниот координатор треба да биде запознат но и директно вклучен во работењето на Професионалниот економски оператор;

Оперативниот координатор ја надгледува, координира и одобрува работата на Професионалниот економски оператор;

Комуникацијата помеѓу Градоначалникот и Професионалниот економски оператор ќе се врши во писмена форма преку Оперативниот координатор;

Оперативниот координатор ќе му биде административна и логистичка поддршка на Професионалниот економски оператор за обезбедување на

потребните дозволи, локации и решенија, се со цел непречено одвивање на настаните кои се дел или се поврзани со фестивалот;

Оперативниот координатор поднесува месечен извештај пред Градоначалникот, за текот на организацијата на Фестивалот од страна на Професионалниот економски оператор, како и завршен извештај за оценка на целокупната организација по завршувањето на Фестивалот;

Член 7

**Уметнички совет и Претседател**

Општина Штип е должна да формира Уметнички совет, од лица стручни во делот на музичката уметност.

За членови на Уметничкиот совет може да бидат избрани автори и интерпретатори (музика, текст, аранжман, интерпретација) како и истакнати професори во музички училишта, факултети и академии, како и членови од редовите на музички уредници во радиодифузни организации.

Сите членови на Уметничкиот совет мора да имаат професионално искуство во својата дејност, не помалку од 5 години.

Еден од членовите на Уметничкиот совет кој се избира со гласање на мнозинство од членовите на Уметничкиот совет, се назначува за Уметнички директор на Фестивалот и го организира работењето и ефикасноста во делот на надлежностите на Уметничкиот совет.

Уметничкиот совет ги селектира композициите за учество на Фестивалот врз база на Конкурс.

На членовите на Уметничкиот совет, за извршената работа за селекција на композициите, им следува поединечен паричен надомест, во висина од една просечна месечна нето плата, на ниво на државата, дополнета со платен персонален данок, како и обезбедено хотелско сместување врз база на полупансион, за време на одржување на фестивалските вечери, како и паушал од 2.000,00 (две илјади) денари за патни трошоци и 2 (две) бесплатни влезници за придружници.

Мандатот на членовите на Уметничкиот совет е една година.

Член 9

**Стручна жири комисија**

Општина Штип е должна да формира Стручна жири комисија, од личности и творци во доменот на музиката и уметноста, како и од академската музичка фела и музички уредници од радиодифузните организации.

За членови на Стручната жири комисија може да бидат избрани автори и интерпретатори (музика, текст, аранжман, интерпретација), истакнати Професори во музички училишта, Факултети и Академии, членови од редовите на музички уредници во радиодифузни организации, како и останати истакнати културно - уметнички работници од доменот на актерството и книжевноста.

Сите членови на Стручната жири комисија мора да имаат професионално искуство во својата дејност, не помалку од 3 години.

Стручната жири комисија со поединечно гласање на секој од членовите по евровизиски принцип на бодување, одлучува со вкупниот број насобрани бодови за секоја композиција, за доделување на три награди од Стручно жири и кои од учесниците во првата фестивалска вечер, ќе учествуваат во втората фестивалска вечер.

Членовите на стручното жири, учествуваат во работата на волонтерска основа, без финансиска надокнада, а на сите членови им следува обезбедено хотелско сместување врз база на полупансион, на денот на одржување на двете фестивалска вечер, паушал од 2.000,00 (две илјади) денари за патни трошоци и две бесплатни влезници.

Мандатот на членовите на Стручна жири комисија е една година.

**3.РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ**

Член 8

Професионалниот економски оператор има обврска да организира најмалку 2 (две) фестивалски настани, односно вечери. (Освен во вонредни специфични услови наметнати од виша сила, во кој случај одлучуваат заедно со Градоначалникот за начинот на реализација на Фестивалот во вонредни ситуациии наметнати од виша сила).

Член 9

Професионалниот економски оператор, средствата од основниот буџет на Фестивалот од страна на Општината и Министерството за култура, задолжително ќе ги користи исклучиво за набавки кои треба да се реализираат за потребите за организација на Фестивалот, а со кои ќе ги надоместува и обезбеди сите потребни просторни, оперативни, логистички, техничко-сценски услови, хонарари и хотелско сместување согласно Правилникот, физичко обезбедување и останатите материјални, оперативни, програмски и маркетинг трошоци за одржување на Фестивалот. Во рамките на тоа,задолжително мора да ги обезбеди следните активности и стандарди:

- Исплата на надоместоците на фестивалот согласно овој Правилник;
- Да обезбеди достоинствено хотелско сместување за интерпретаторите, во времетраење на нивното учество во најмалку две фестивалски вечери по принципот на еднокреветни соби, а за малолетните интерпретатори во трокреветни соби за сместување со законски старатели;
- Да обезбеди хотелско сместување по принципот на еднокреветни соби за сите на кои тоа им следува согласно овој Правилник;
- Да обезбеди соодветна локација за одржување на Фестивалот со капацитет од најмалку 450 седишта за посетители со нумерирана влезница, а која ги исполнува сите просторни и безбедносни стандарди за одржување на фестивалски настани, меѓу кои и:

- помошни простории во вид на гардероби и шминкерници за интерпретаторите,
- посебен ограден и обезбеден простор зад или околу сцената за удобен престој на сите членови на авторските тимови со обезбедена маса и столчиња за секој од тимовите,
- соодветна новинарска зона за престој на новинарите со технички услови и визуелно - уреден простор за реализација на интервјуа,
- организирана таканаречена зона со црвен килим пред влезот на фестивалските простории на која ќе организира и промовира појавување на учесниците во одреден термин во зоната за фотографирање пред брендиран банер и комуникација со публиката,
- да обезбеди волонтери - асистенти од редовите на учениците  на средното музичко училиште или музичкиот факултет, кои ќе бидат на располагање на секој од интерпретаторите за пречек и помош во сместување и престој и движење низ градот Штип и фестивалскиот распоред и обврски,
- да испечати и достави и по писмен и по електронски пат, до сите учесници јасни соопштенија и протоколи за сите активности и термини од интерес за учесниците во сите фестивалски проби, настапи и активности на Фестивалот, 5 дена пред почетокот на фестивалот,
- да обезбеди опрема и да формира тим кој ќе оперира со: високо – квалитетна, современа аудио-визуелна сцена, исправна и технолошки напредна опрема за настапи во живо, со високо квалитетни технички перформански актуелни во изминатите 2 до 3 години, за аудио интерпретација и модерен технолошки визуелен сценски настап на интерпретаторите и телевизискиот пренос,
- да започне континуирана кампања со маркетинг и ПР активности на секојдневна основа, за промоција на Фестивалот, интерпретаторите и избраните композиции, како и градот и Општината Штип, најмалку 30 (триесет) календарски денови пред официјалниот почеток на Фестивалот,
- Да испечати и додели акредитиции – пропусници на сите учесници, акредитирани новинари и учесници - организатори на Фестивалот, за нивно непречено движење во текот на фестивалските денови низ фестивалските простории,
- Да испечати и дистрибуира најмалку 450 (четиристотини и педесет) нумерирани влезници за секоја фестивалска вечер, од кои најмалку 250 (двесте и педесет) влезници задолжително мора да бидат достапни во слободна продажба на објавени продажни места за љубителите на музиката кои сакаат да го посетат Фестивалот и на порталот www.kupikartizase.com по цена не помала од 300,00 (триста) денари по влезница, а останатите 200 (двеста) влезници да ги распредели по следниот принцип:
- по една гратис влезница за секој член на авторско - интерпретаторските тимови, а по две за малолетните учесници со законски старатели,
- да исплати паушал од 2.000,00 (две илјади) денари за патни трошоци за сите членови на авторските тимови и интерпретатори кои лично ќе подигнат

акредитации и ќе присуствуваат на Фестивалот, а за меѓународните интерпретатори - учесници, да ги покрие патните трошоци според реалните документирани износи, кои ги потрошиле за доаѓањето на Фестивалот.
- 50 бесплатни влезници за Градоначалникот и претставници на Општина Штип,
- до максимално 5 бесплатни влезници за поединечните комерцијални спонзори, помагатели и медиумски покровители на Фестивалот, се’ до исполнувањето на максималната квота, но не повеќе од максималните 200 (двеста) бесплатни влезници за секоја фестивалска вечер.
- Професионалниот економски оператор, во соработка со Општина Штип е должен да склучи Договор за медиумско покровителство и рекламирање на спонзорите на Фестивалот (обезбедени од страна на Општина Штип и Професионалниот економски оператор) со најмалку една телевизија со национална фреквенција покривање на прес конференции, рекламирање и директен телевизиски пренос на фестивалската програма во живо од фестивалските вечери, на комерцијална основа, на сопствен трошок и за сопствена сметка.
- Професионалниот економски оператор има обврска писмено да предложи на Општина Штип:
- Шеесет денови пред одржување на Фестивалот, музички настапи за време на паузата на фестивалските вечери, кои треба да ги одобри Градоначалникот на Општина Штип,
- Триесет денови пред одржување на фестивалот да потпише договори за музички настапи за време на паузата на фестивалските вечери,
- За најмногу петнаесет денови после завршување на фестивалот да ги исплати музичките учесници за време на паузата за гласање на фестивалските вечери.
- Професионалниот економски оператор има обврска да склучи договори и да достави копии од истите со најмалку двајца водители на фестивалот, во претходна консултација со Општина Штип, триесет до шеесет дена пред одржување на фестивалот.
- Професионалниот економски оператор има обврска да организира гласање за публиката ќе во определен период од 15 (петнаесет ) минути, од своите телефонски уреди на соодветен линк, од соодветна заштитена наменска софтверска апликација по принципот еден глас од една ИП адреса (или со личен код за еднократна употреба кој ќе биде означен на секоја карта), а истата апликација во живо во реално време ќе биде јавно отворена и пренесувана на екраните на фестивалската сцена, со цел и учесниците и публиката да имаат увид во гласовите кои ги добива секоја поединечна композиција, во секој момент во текот на времетраењето на гласањето.
- Професионалниот економски оператор има обврска да креира две посебни сметки за фестивалот, при што на една од нив ќе се префрлат средства од основниот буџет на фестивалот, а другата ќе биде наменета за уплатите од спонзорите.

- Професионалниот економски оператор, има право на надокнада и покривање на останатите сопствени интелектуални, кадровски и оперативни трошоци, исклучиво од средствата кои ќе ги обезбеди од изнаоѓање и склучување на самостојни договори за комерцијални спонзори, помагатели и медиумски покровители на Фестивалот.
- Со таквите средства има право да ги покрива обврските за рекламирање на комерцијалните спозори, помагатели и медиумски покровители, кои во свое име ќе ги превземе кон истите, како и покривање на останати сопствени оперативни трошоци во организацијата на Фестивалот.
- За средствата кои ќе ги обезбеди од комерцијални спонзори, помагатели и медиумски покровители, Професионалниот економски оператор има обврска да достави копии од истите до Општина Штип и да поднесе наративен извештај до Градоначалникот на Општина Штип со доспеани фактури и изводи од сметка за исплатите и потрошените средства.
- Општина Штип нема никаква финансиска ниту правна обврска кон комерцијалните спонзори, помагатели и медиумски покровители и истите, своите права, обврски и побарувања ги регулираат и побаруваат исклучиво од Професионалниот економски оператор со кој самостојно склучуваат комерцијални договори.
- Професионалниот економски оператор има обврска, а со цел за збогатување на содржините и интересот за Фестивалот, на сопствен трошок и за сопствена сметка, да организира надворешна програма на фестивалот, која предвидува дополнителни културно - забавни комерцијални настани и содржини, во рамките и во духот на Фестивалот, користејќи ја просторно – техничката инфраструктурата наменета за одржување на Фестивалот, како и надвор од него, но само во време и обем кој нема да го наруши непреченото одвивање, како и дигнитетот на Фестивалот. За таквите придружни културно забавни комерцијални настани и содржини, писмено го известува и бара писмена согласност од Градоначалникот на Општината, а Градоначалникот писмено ги одобрува најмалку 30 (триесет) календарски денови пред почетокот на Фестивалот.
- Професионалниот економски оператор се обврзува најстрого да ги почитува и применува сите важечки здравствени и безбедносни протоколи кои се на сила во моментот на одржување на Фестивалот.
- Професионалниот економски оператор, после реализацијата на Фестивалот, а најдоцна во рок од 30 (триесет) календарски денови после завршување на Фестивалот, преку Оперативниот координатор поднесува Оперативен и финансиски извештај за реализираниот дел од основниот буџет на Фестивалот пред Советот на Општина Штип, за искористеноста и намената на одобрените средства за реализација на Фестивалот од страна на Општината и Министерството за култура.

## 4. ПОДАТОЦИ ЗА КОНКУРСОТ

Член 10

Општина Штип спроведува меѓународен Конкурс за избор на композиции за Фестивалот „Макфест” - Штип.

Општина Штип го распишува меѓународниот конкурс за фестивалот Макфест по овој Правилник најкасно до крајот на месец Април, а Професионалниот економски оператор е должен истиот да го реализира во оптимален рок во тековната година. Конкурсот ќе биде објавен на веб страната на Општина Штип и на социјалните профили на Фестивалот, при што ќе бидат соопштени сите критериуми.

## 5. РОК И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

Член 11

Конкурсниот рок за поднесување на композициите е два календарски месеца од датумот на објавувањето на Конкурсот.

На конкурсот може да учествуваат домашни и странски физички и правни лица. Сите заинтересирани учесници кои ги поседуваат потребните квалификации и кои сакаат да се изразат со својот квалитет, способност и креативна композиција, имаат право на учество на конкурсот.

Член 12

Конкурсниот труд да биде доставен во затворен плик со назнака: **За конкурсот за композиција на фестивалот на музика Макфест со назнака “НЕ ОТВОРАЈ” или по електронски пат на соодветната објавена електронска адреса.**

Адреса на доставување: Општина Штип, Ул. Васил Главинов бр. 4В, 2000 Штип, или на соодветната објавена електронска адреса за таа намена.

Со пријавата подносителот на композицијата задолжително треба да достави:

- Склучен договор со авторот на музиката, авторот на текстот, авторот на аранжманот.
- Во прилог на пријавата, задолжително да се достави изјава од подносителот на песната на Конкурсот за точниот износ на распределба на наградата по проценти која е наменета за: изведувачот, авторот на музика, изведувачот, авторот на текстот и авторот на аранжманот. Доколку изведувачот е автор на музиката, односно текстот, односно аранжманот, треба да достави изјава дека тој е автор на музиката, односно текстот односно аранжманот.
- Авторскиот тим задолжително поднесува изјава од авторот на музиката, авторот на текстот и авторот на аранжманот дека доставената композиција не била претходно изведена.

- Демо снимката е задолжителен дел од пријавата, по електронски пат или на носач на звук.

Член 13

Авторите се должни да достават оригинална композиција, напишана и досега неизведена.

Еден автор на музика, аранжман или текст може да конкурира во најмногу две композиции, а еден интерпретер може да учествува само со една композиција.

Изведбата на избраните композиции на Фестивалот ќе биде во живо.

**6. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

Член 14

**Општи критериуми за избор**

На конкурсот нема да бидат поддржани композиции со текстови во кои се промовира говор на омраза, кршење на човековите права и дискриминација по било која основа или се заговара практикување на психотропни супстанци и неморал.

Квалитетот на песните треба да биде на ниво со реномето и квалитетот на Фестивалот и неговата традиција во популарната музика.

Композициите треба да се напишани за глас и во духот на традицијата на Фестивалот и модерната светска и македонска ПОП сцена и сродните компатабилни трендовски жанрови.

Композицијата треба да биде оригинална и досега неизведена.

Композициите доставени на Конкурсот не треба да се подолги од 3’ 30”.

Избраните композиции мора да бидат доставени по електронски пат или на носач на звук , со финалнен микс и мастеринг, односно завршена постпродукција, најдоцна во рок од 30 (триесет) календарски денови по објавувањето на избраните композиции, на истата електронска и поштенска адреса како и конкурсната документација.

**7.СЕЛЕКЦИЈА НА ПЕСНИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ФЕСТИВАЛОТ**

Член 15

Композициите кои ги исполнуваат потребните жанровско - уметнички критериуми за настап на Фестивалот, ќе бидат селектирани од страна на Уметничкиот совет.

Уметничкиот совет ќе избере најмалку 24, а најмногу 28 композиции, за учество на Фестивалот.

Со цел за поттикнување и развој на млади и нови артисти на македонската музичка сцена, Уметничкиот совет е должен, од пристигнатите

композиции на Конкурсот, да избере вкупно 12 композиции за дебитантски настап, од вкупно селектираните композиции.

Член 16

По изготвувањето на предлог листата на селектирани композиции од страна на Уметничкиот совет, а најдоцна во рок од 30 (триесет) календарски денови по затворањето на финалниот Конкурс, Општина Штип истите ги објавува, заедно со имињата на интерпретаторите и авторските тимови, на јавна прес конференција со директен пренос, на која по лотариски пат, го избира редоследот на настапување на Фестивалот.

Член 17

Членовите на Уметничкиот совет, пред започнувањето на постапката за одлучување по конкурсот, се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања на Конкурсот.

Доколку некој од членовите не е во можност да даде таква изјава од било која причина, истиот се изема од постапката и на негово место Општина Штип назначува нов член.

Член 18

Општина Штип го задржува правото заради недоволен број на пријавени, или пак несоодветни и недоволно квалитетни композиции пристигнати на Конкурсот, по сугестија на Уметничкиот совет, да нарача композиции од домашни или странски автори.

Нарачаните композиции се преслушуваат од страна на Уметничкиот совет на фестивалот.

По направената финална селекција, Општина Штип склучува поединечни договори со сите учесници и автори, со кои ги регулираат сите меѓусебни права и обврски.

Завршната комплетна музичка продукција на примените дела, е обврска на авторските тимови на истите.

Член 19

Општина Штип со избраните автори и изведувачи на Конкурсот, ќе склучи Договор за настап на Фестивалот и на истите ќе им биде исплатено 61.500,00 (шеесет и една илјада и петстотини) денари вкупен надоместок за секоја избрана композиција најдоцна во рок од 15 дена по завршувањето на Фестивалот, односно по учеството на фестивалската сцена, во соодност од по 25% за секој од авторите на музика, на аранжман, на текст и на интерпретација, износ во кој не е вклучен и персоналниот данок на приход.

Со предавањето на композицијата, авторот ќе го пренесе правото на Општина Штип, за нејзино графичко печатење, за прва јавна изведба, за пренос

преку радио-телевизиски станици, за снимање на носачи на звук и слика или сиве овие права, односно некои од овие права ќе ги пренесе на трети лица. Општина Штип ќе стане сопственик на фонограмот што ќе биде снимен и на авторските права на композициите.

Општина Штип нема обврска да им ги врати на авторите композициите што нема да бидат прифатени.

Член 20

На **првата фестивалска вечер** ќе бидат изведени 12 композиции од страна на дебитанти. Веднаш по завршувањето на музичкиот дел, се врши избор на 4 (четири) композиции од дебитанти кои ќе настапат на втората фестивалска вечер.

Изборот на 4 (четири) композиции кои одат во втората фестивалска вечер ќе се изврши со гласање во живо од страна на Стручната жири комисија со поединечно јавно соопшување на гласовите на секој член од жири комисијата, со бодување по евровизиски принцип и гласање од присутната публика.

**Втората фестивалска вечер** ќе бидат изведени вкупно 16 композиции, кои ќе немаат натпреварувачки карактер и кои заедно со избраните дебитанти од првата вечер, ќе настапат на втората фестивалска вечер и ќе влезат во конкуренција за афирмативните награди на Фестивалот.

Членовите на Стручната жири комисија во живо ќе ги слушнат композициите и интерпретаторите и ќе ги соопштаат сопствените бодувања, а истите ќе бидат прикажани поединечно и вкупно во соодветен графички приказ на фестивалската сцена.

Бодовите од (присутната) публика ќе бидат одлучени по принципот на најмногу добиени поединечни гласови за секоја композиција во трите афирмативни категории, добиени од публиката, која ќе гласа во определен период од 15 (петнаесет ) минути, од своите телефонски уреди на соодветен линк од соодветна заштитена наменска софтверска апликација по принципот еден глас од една ИП адреса (или со личен код за еднократна употреба кој ќе биде означен на секоја карта), а истата апликација во живо во реално време ќе биде јавно отворена и пренесувана на екраните на фестивалската сцена, со цел и учесниците и публиката да имаат увид во гласовите кои ги добива секоја поединечна композиција во секој момент во текот на времетраењето на гласањето.

За начинот на распределба на гласови во трите категории афирмативни награди, ќе се изготви посебна Методологија од страна на Општина Штип.

**8.НАГРАДИ**

Член 21

На Фестивалот, ќе бидат доделувани само афирмативни награди.

Фестивалот нема да има натпреварувачки карактер, туку исклучиво ревијален, квалитативен, хуманитарен и културно – забавен карактер, со акцент

на квалитетот на селектираните композиции и настап на врвни потврдени и атрактивни за публиката интерпретатори и определен број на дебитанти со врвни вокални способности и композиции, кои творејќи на македонски јазик, ќе обезбедат промоција на македонската популарна музика, Фестивалот и Општина Штип, не само пред домашната јавност, туку и на пошироко регионално, европско и светско ниво.

Целта на Фестивалот ќе биде, преку содржинска, квалитативна, техничко – технолошка и меркетинг трансформација и иновативност, да го врати Штип на светската мапа на фестивалски градови со престижни фестивали, на кои самата селекција и можност за настап, ќе бидат најголемата мотивација и награда за авторските тимови и интерпретаторите на Макфест, а за штипската и македонската публика и ПОП естрада, Фестивалот да стане централен музички настан во државата, во услови на празнична атмосфера во Градот Штип.

На фестивалот ќе се доделат 3 (три) афирмативни музички награди, без паричен надоместок и тоа:

- Награда за највпечатлив спој на мелодија и аранжман „Драган Ѓаконовски – Шпато" ќе се додели согласно одлуката донесена од страна на Стручната жири комисија и присутната публика
- Награда за највпечатлива вокална интерпретација, ќе се додели согласно одлуката донесена од страна на Стручната жири комисија и присутната публика
- Награда за највпечатлив дебитантски настап на Фестивалот, ќе се додели согласно одлуката донесена од Стручната жири комисија и присутната публика.

**9.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Член 22

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08- 1764/1 | Совет на Општина Штип |
| 14 март 2022 година | Претседател, |
| Штип | Весна Кожинкова, с.р. |

177.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ
НА КОРИСТЕЊЕ НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

I

Се објавува Правилник за измена и дополнување на Правилникот за утврдување на условите и начинот на користење на спортските терени и објекти.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1765/2 Општина Штип
17 март 2022 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

178.

Врз основа на член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21) и член 3 од Одлуката за начиниот на управувањето и користењето на спортските терени и објекти во Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 05/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 14 март 2022 година, донесе

ПРАВИЛНИК
ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА
УТВРДУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ
НА СПОРТСКИТЕ ТЕРЕНИ И ОБЈЕКТИ

Член 1

